Број на Службен весник:63/2014
Датум на објава на Службен весник:16.04.2014
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51 став 4 од Законот за земјоделското земјиште (“Службен весник на Република Македонија” бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13 и 39/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ЗА НЕЗЕМЈОДЕЛСКИ ЦЕЛИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 1

Во Правилникот за постапката за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели, формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација (“Службен весник на Република Македонија” бр. 155/12),

Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.22-1582/3 Министер за земјоделство,
1 април 2014 година шумарство и
водостопанство, Скопје
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

БАРАЊЕ
за издавање на позитивни мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели

1.Податоци за подносителот на барањето.

Назив на барателот ________________
Седиште на барателот ______________________________
Контакт телефон ____________________

2.Врз основа на член 51 став 2 од Законот за земјоделското земјиште, се поднесува барањето за издавање на решение за позитивно мислење за користење на земјоделското земјиште за неземјоделски цели _______________________ (детални геолошки истражувања/експлоатација на минерални суровини) од субјектот _______________________________ со седиште __________________, контакт телефон ____________________, на локалитет _________________, за земјоделското земјиште кое се наоѓа на КПбр.____________, место викано __________, катастарска култура __________, катастарска класа ______, површина ____ м2, запишана на Имотен лист бр. ______ за КО _________, во сопственост на ______________________, издаден од _____________ под бр.______________ од _____________ година.

Во прилог кон барањето се доставува бараната документација.

БАРАТЕЛ,

_____________________ Датум и место

_____________________ (потпис/печат*)

* За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва